**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола**
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД БИТОЛА ЗА 2023 ГОДИНА

**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола**
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**Содржина:**

I. ОБРАЌАЊЕ НА ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР ........ 3
II. ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО ........ 4
- Основни податоци за друштвото ........ 4
- Органи на Друштвото ........ 4
- Собрание на акционери ........ 4
- Одбор на директори ........ 5
- Организациона шема на друштвото и вработени ........ 5
- Внатрешна ревизија ........ 6
- Актуријат и актуарска потврда ........ 7

III. БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ........ 8
IV. ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА ........ 8

**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола**
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# I. ОБРАЌАЊЕ НА ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР

**Почитувани акционери, соработници, деловни партнери и осигуреници,**

Со огромна чест и задоволство Ви се обраќам за прв пат како Извршен директор на новоформираната осигурителна компанија Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА, Битола, која доби Решение за дозвола за вршење работи на осигурување за 18 класи во рамките на групата на на неживотно осигурување, при што се основа во октомври 2023 година со 100% домашен капитал и се лансираше на пазарот на осигурување во РС Македонија.

Нашиот прв Годишен Извештај за работењето на Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА, Битола за 2023 година ќе биде поразличен од Извештаите на другите компании, со оглед на фактот што што периодот на основање е крај на годината во кој се посветивме на екипирање, донесување на интерни акти, имплементација на информацискиот систем кој е неопходен за натамошно функционирање на друштвото и поставување на основи за идното работење.

2023 година беше исполнета со предизвици за сите кои учествуваа во поставувањето на темелите на ова осигурително друштво, предизвици на кои неуморно и професионално се посветивме да одговориме. Морам и должен сум да напоменам и да ја изразам мојата благодарност за посветеноста и ангажираноста на Одборот на директори, менаџерскиот тим и вработените за овој краткок период која беше на максимално ниво. Па со оглед на тоа си земам за право да го искажам моето очекување и надеж дека во 2024 година по реализирањето на сите почетни активности за започнување со целосна работа преку продажбата на полиси за осигурување ќе прикажеме добри резултати како нови конкуренти на осигурителниот пазар.

Нашата цел е комплетна и несебична посветеност кон клиентите спремни да обезбедиме спокој и сигурност во секој дел од Вашите животи, верувајќи во заштитата на она што е најважно за вас. Сето тоа ќе го постигнеме со искусни професионалци во нашиот тим кои ќе работат неуморно за да ги прилагодат плановите за осигурување кои ги задоволуваат потребите на осигурениците.

Поставувајќи ги целите и вредностите на нашето друштво се водевме пред се од клиентите кои се постулат на нашето работење а со тоа тие за нас не претставуваат само бројка, туку и вистински партнери во нашата мисија за обезбедување на сигурност и задоволство, со стремеж да изградиме трајни односи засновани на транспарентност, сигурност и меѓусебно почитување.

На крајот на овој почеток би истакнал дека ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола како нова осигурителна компанија ќе продолжи да се надоградува во секој поглед, да ги почитува регулативите, насоките, конкуренцијата и особено ќе се придржува до своите стратешки цели се со цел постигнување на иден напредок и развој.

Со почит
Извршен директор Бојан Москов

**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола**
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## II. ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО

- **Основни податоци за друштвото**

Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА, Битола е основано на 10.10.2023 година кога Друштвото е упишано во Централниот Регистар како Акционерско друштво со ЕМБС 7716567 и ЕДБ 4002023571495, со 100% домашен капитал.

Почетната основна главнина на друштвото изнесува 3 000 000 евра т.е 60 000 обични акции.

Седиштето на Друштвото е во Битола на ул. Јане Сандански бр.15.

Друштвото има добиено решение од Агенција за Супервизија на Осигурување (АСО) под бр. УП1-14-1-813 од 06.10.2023 год за вршење на работи на неживотно осигурување со приоритетна дејност 65.12.

Врз основа на решението од АСО може да врши работи на осигурување во следните класи на осигурување, во рамките на групата неживотно осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурувањето, и тоа :
Класа 1 – осигурување од последици на несреќен случај – незгода
Класа 2 – здравствено осигурување
Класа 3 – осигурување на моторни возила (каско)
Класа 4 – осигурување на шински возило (каско)
Класа 5 – осигурување на возухоплови (каско)
Класа 6 – осигурување на пловни објекти (каско)
Класа 7 – осигурување на стока во превоз (карго)
Класа 8 – осигурување на имот од пожар и природни непогоди
Класа 9 – други осигурување на имот
Класа 10 – осигурување од одговорност од употреба на моторни возила
Класа 11 – осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови
Класа 12 – осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти
Класа 13 – општо осигурување од одговорност
Класа 14 – осигурување на кредити
Класа 15 – осигурување на гаранции
Класа 16 – осигурување од финансиски загуби
Класа 17 – осигурување на правна заштита
Класа 18 – осигурување на туристичка помош

- **Органи на Друштвото**

Друштвото ги има следните органи:

1. Собрание на акционери на акционерското друштво

2. Одбор на директори на акционерското друштво

- **Собрание на акционери**

Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието на друштвото, во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за супервизија на осигурување и врз

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

основа на Статут на друштвото.

Во 2023 година се одржа едно односно основачкото Собрание на акционери.

- **Одбор на директори**

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем на управување Одбор на директори.

Одборот на директори се состои од 3 членови, од кои двајца се неизвршни во кој состав е Претседателот на Одборот на директори и независниот член и еден извршен член на Одборот на директори- Извршен директор на друштвото кој го претставува органот на управување согласно член 23 од Законот за супервизија на осигурување.

Членови на Одборот на директори се:

- Бојан Москов - Извршен член на одборот на Директори - Извршен директор
- Михаил Вртковски – Претседател на одборот на директори
- Златко Буревски - Независен неизвршен член на одбор на директори

- **Организациона шема на друштвото и вработени**



ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Вкупниот број на вработени во Друштвото на 31.12.2023 година изнесува 10 вработени и тоа:

- **Секторот за продажба и прием во осигурување** до 31.12.2023 година брои 2 вработени
- **Секторот за правни работи и човечки ресурси** до 31.12.2023 година брои 1 вработен
- **Секторот за штети** до 31.12.2023 година брои 2 вработени
- **Секторот за финансии** до 31.12.2023 година брои 1 вработен
- **Секторот за ИТ** до 31.12.2023 година брои 1 вработен
- **Службата за интерна (внатрешна) ревизија** до 31.12.2023 година брои 1 вработен
- **Актуријатот** до 31.12.2023 година брои 1 вработен.

**Бројот на вработени врз основа на степенот на образование во Друштото е следен:**

- со Висока стручна спрема степен VI A се 6 вработени
- Магистри се 3 вработени
- Доктор на наука е 1 вработен

- **Внатрешна ревизија**

Внатрешната ревизија на Друштвото се организира како самостојна и независна организациона единица во рамките на Друштвото која е непосредно подредена на неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото, при што истата е функционално и организациски одвоена од другите организациски единици на Друштвото.

Внатрешните ревизори вршат целосна ревизија на работењето на Друштвото со цел да се утврди дали Друштвото:

1. ги врши работите на осигурување во согласност со Законот за супервизија на осигурување, како и во согласност со внатрешните прописи на Друштвото со кои се уредува работењето на Друштвото;

2. води трговски книги и изготвува годишни извештаи, составува сметководствени документи, ги вреднува ставките во деловите биланси и годишните сметки и ја известува јавноста за податоците од годишниот извештај согласно со Законот за супервизија на осигуруване, како и согласно со внатрешните прописи на Друштвото со кои се регулира работењето на Друштвото.

Внатрешните ревизори ќе ги согласат методите на работењето со работата на надворешните ревизори на Друштвото кои ги ревидираат годишните финансиски извештаи, или пак вршат посебна ревизија на барање на Агенцијата за супервизија на осигурување.
Овластениот ревизор е независен и самостоен во вршењето на работите на ревизија согласно Законот за ревизија.
Во службата за внатрешна ревизија освен работи на ревизија не смеат да се вршат други работи

Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија, согласно Законот за супервизија на осигурување и интерните акти на Секторот содржи:
- опис на извршени планирани ревизии на работењето на Друштвото;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на внатрешната ревизија;
- оцена на реализацијата на поставените цели со Годишниот план за работа на Секторот за внатрешна ревизија,
- оцена на планираното време за контрола и евентуалното отстапување и
- информации за извршени други активности.

- **Актуријат и актуарска потврда**

Овластениот актуар е должен да ги спроведе сите задачи кои се определени со Законот за супервизија на осигуруваье.

АКТУАРСКА ПОТВРДА
Заклучно со 31.12.2023 година, друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола не започна со издавање на полиси. Така, предметниот период, од основањето на 10.10.2023 година до крајот на календарската година, 31.12.2023, бројот на склучени договори, бројот на ликвидирани штети, износот на бруто полисираната премија, износот на техничките резерви и износот на бруто ликвидираните штети е нула.
Друштвото не склучило договори за осигурување и не презело никакви обврски по однос на договори за осигурување.
Конечното мислење за состојбата на друштвото за осигурување прикажана во финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето е:
а) позитивно
Досегашната работа на друштвото за осигурување не покажува отстапување од Законот за супервизија на осигурување и другите прописи според кои треба да работат друштвата за осигурување, а исто така истата е во согласност со прописите на друштвото за осигурување.
Друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола е новоформирано друштво, со целосно домашен капитал. Основачкиот влог на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола изнесува 3.000.000 евра. Во моментот на основање 10.10.2023 година, основачкиот влог претставува и основен капитал на друштвото. Дополнителен капитал на друштвото не е евидентиран.
Во текот на периодот, од основањето па до денес, друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола имаше трошоци (набавка на хардвер, набавка на софтвер, обврски кон НБО, плати за вработени, тековни трошоци и др.), кои придонесоа за намалување на капиталот под нивото на гарантниот фонд.
Според состојбата на крајот на периодот што е предмет на актуарско мислење, односно на 31.12.2023 година, висината на капиталот на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола е под нивото на гарантниот фонд. Тоа подразбира дека потребно е внесување на нов капитал со цел да се достигне барем нивото на гарантниот фонд (препорака е износот на новиот капитал и претходно внесениот – основачкиот влог, вкупно, да биде повисок од износот на гарантниот фонд). Внесувањето на нов капитал на почетокот на работата на ново

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

друштво на осигурување, не претставува невообичаената пракса, и истото, во овој момент, ќе придонесе за одржување на вредноста на средствата на капиталот на потребното ниво. Секако, тоа претставува и еден вид гаранција за стабилност и солвентност во работењето, како и ликвидност во подмирување на идните обврски на друштвото за осигурување.

## III. БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Акционерското друштво од датумот на основање 10.10.2023 година до 31.12.2023 година нема започнато со својата дејност и нема остварено приходи.
Финансискиот резултат бележи загуба од 1.548.945,00 денари од кои 71,68 % се трошоци за плати за вработените. Останатите трошоци се материјални, банкарски услуги,ПТТ услуги и друго.
Во овој период Акционерското друштво инвестира во нематеријални средства 4.603.699,00 денари и во материјални срecдства 1.093.119,00 денари за дејноста на Друштвото.
Друштвото авансира во Национално Биро 1.537.500,00 денари и 30.000.000,00 денари има авансирано провизија.
Акционерското Друштво во овој период ги исплати сите достасани обврски и на крајот на периодот износот 2.760.244 ,00 денари се обврски кои достасуваат во 2024 година.

## IV. ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА

Главна и приоритетна цел на Друштвото за 2024 година е почеток со работа во својата дејност.

Се очекува во првиот квартал од годината да заврши целосна имлементација на информацискиот систем и обезбедување на web продажба.

Целиот фокус ќе биде насочен кон клиентите за кои Друштвото ќе обезбеди врвна услуга, ќе склучува договори за соработка со цел поуспешно настапување на пазарот, ќе вложува во надградба, обуки и усовршување на постојниот тим, како и проширување на истиот.

Се очекува успешен старт во делокругот на дејноста и позитивен исход од работењето.

Друштвото ќе се придржува до своите стратешки цели се со цел постигнување на иден напредок и развој, а сите посакувани цели кои друштвото има намера да ги оствари во деловната 2024 година како нова осигурителна компанија која се наоѓа на самите почетоци од своето работење, ќе ги оставрува со максимално вложување преку почитување на законските регулативи, насоките и конкуренцијата.

Извршен директор

Бојан Москов _______________

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА Битола Акционерско друштво за осигурување

# ПОТВРДА

## НА ОВЛАСТЕНИОТ АКТУАР

**ЗА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД БИТОЛА**

**ЗА ПЕРИОДОТ 10.10.2023-31.12.2023 година**

**Овластен актуар,**

**Виолета Китановска**

**Битола, 11.03.2024**

# Потврда на актуарот

1) **Назив на Друштво:** Зоил Македонија АД Битола

Адреса: ул.Јане Сандански бр.15, Битола
Телефон: 076 511 811, 047 512 023
Веб-адреса: www.zoil.mk
Период за којшто се известува: 10.10.2023-31.12.2023
Име и презиме на актуарот: Виолета Китановска
Телефон: 071 224 244
E-mail: violeta.kitanovska@zoil.mk

2) **Потврдата се изготвува во однос на следните класи на осигурување:**

01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12 13 14 15 16 17 18

3) **Информации и податоци кои ги користи актуарот:**

Информациите што се користени при креирањето на оваа Потврда на актуарот се сопствени податоци со кои располага друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола и тие податоци се точни, веродостојни и соодветствуваат со реалната состојба во друштвото.

4) **Валута**

Паричниот износ во однос на капиталот на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола и износот на трошоците во изминатиот период, се искажани во домашна валута, според официјален среден курс НБРМ.

5) **Тарифи на премии**

Во изминатиот период беше формирано друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола. Истото работи во делот на неживотно осигурување. Во периодот на подготовка за почеток со работа и остварување на дејноста, беа воведени тарифи за сите 18 класи од неживотно осигурување и тоа за:

Класа 01 – Осигуруваење од последици на несреќен случај- незгода
Класа 02 – Здравствено осигурување кое не е покриено со задолжително здравствено осигурување
Класа 03 – Осигурување на моторни возила – каско
Класа 04 - Осигурување на шински возила – каско
Класа 05 - Осигурување на воздухоплови – каско
Класа 06 - Осигурување на пловни објекти – каско

Класа 07 – Осигурување на стока во превоз – карго
Класа 08 – Осигурување на имот од пожар и природни непогоди
Класа 09 – Други осигурувања на имот
Класа 10 – Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила
Класа 11 – Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови
Класа 12 – Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти
Класа 13 – Општо осигурување од одговорност
Класа 14 – Осигурување на кредити
Класа 15 – Осигурување на гаранции
Класа 16 – Осигурување од финансиски загуби
Класа 17 – Осигурување на правна заштита
Класа 18 – Осигурување на туристичка помош на лица кои се соочуваат со проблеми при патување или други случаи на отсуство од дома или од постојаното место на живеење

Наведените Тарифи на премии се изготвени во согласност со законските прописи, стандардната пракса во актуарската професија и осигурувањето и истите се формирани на таков начин што обезбедуваат трајно исполнување на сите обврски на друштвото за осигурување кои би произлегле од договорите за осигурување.

## 6) Технички резерви

Бидејќи во тековниот период 10.10.2023-31.12.2023 година, друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола, не започна со својата основна дејност – осигурување на имоти и лица, односно не беше издадена ниту една полиса за осигурување, НЕ беа издвоени Технички резерви, односно од страна на актуарот не беа пресметани технички резерви.

### 6.1. Резерви за преносни премии

Портфолиото на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола во периодот кој е предмет на актуарско известување беше празно, со оглед на тоа што друштвото немаше склучено ниту еден договор за осигурување.

Од тие причини не беше пресметана ниту резерва за преносна премија за споменатиот период.

#### 6.1.1. Дополнителна резерва за неистечени ризици

Во предметниот период не постоеше потреба за издвојување на дополнителна резерва за неистечени ризици, бруто или дел во реосигурување и/или соосигурување и истата не беше издвоена.

#### 6.1.2. Одложени трошоци за стекнување

Со оглед на тоа што друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола во изминатиот период не склучи ниту еден договор за осигурување, не беа издвоени одложени трошоци за стекнување.

### 6.2. Резерви за бонуси и попусти

Друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола, за периодот што е предмет на актуарско мислење, не издвои резерви за бонуси и попусти.

### 6.3. Резерви за штети

#### 6.3.1. Резерви за настанати и пријавени штети

Со оглед на тоа што друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола во изминатиот период не склучи ниту еден договор за осигурување, не беа издвоени резерви за штети.

##### 6.3.1.1. Рентни штети

Друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола во изминатиот период не склучи ниту еден договор за осигурување  кај кој надоместоците се исплаќаат  во облик на рента. Заради тоа, не беа издвоени резерви за рентни штети.

#### 6.3.2. Резерви за настанати но непријавени штети

Бидејќи друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола во изминатиот период не склучи ниту еден договор за осигурување, не беа издвоени резерви за настанати, но непријавени штети.

#### 6.3.3. Резерви за повторно отворени штети

Во изминатиот период друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола не склучи ниту еден договор за осигурување, соодветно на тоа, не беа издвоени резерви за повторно отворени штети.

#### 6.3.4. Резерви за трошоци за обработка на штети

Резервите за директни трошоци за обработка на штети се интегрален дел од резервите за настанати и пријавени штети и резервите за настанати но непријавени штети. Бидејќи во

изминатиот период друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола не склучи ниту еден договор за осигурување, не беа издвоени резерви за трошоци за обработка на штети.

### 6.4. Еквилизациона резерва

Друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола во изминатиот период не издвои еквилизациона резерва.

### 6.5. Други технички резерви

Во изминатиот период кај Друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола на постоеше пореба за издвојување на други технички резерви.

### 6.7. Run-off анализа

Со оглед на тоа што во текот на периодот што е предмет на актуарско мислење друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола не склучи ниту еден договор за осигурување, Run-off анализа покажува дека не беа издвоени резерви (РБНС, ИБНР, ВКУПНО), односно нивната вредност во апсолутен износ и процентуално, за сите класи на осигурување, изнесува нула.

## 7. Реосигурување и соосигурување

### 7.1. Реосигурување

Во изминатиот период, од страна на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола, не беше обезбедено реосигурително покритие, по ниту една класа на осигурување.

### Годишен коефициент на штети

Годишен коефициент на штети, коефициент на штети со ефект на реосигурување и коефициент на штети без ефект на реосигурување, за периодот што е предмет на ова мислење, имаат вредност нула.

## 8. Потребно ниво на маргина на солвентност и гарантен фонд

Заради фактот што друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола не склучи ниту еден договор за осигурување, вредноста на бруто полисираната премија во изминатиот период изнесува нула. Соодветно на тоа, не е направена Пресметката на потребното ниво на маргината на солвентност.

Во согласност со Законот за супервизија во осигурувањето, гарантниот фонд го сочинуваат стапките кои влегуваат во пресметка на капиталот на друштвото за осигурување. Гарантниот фонд не смее да биде понизок од една третина од потребното ниво на маргина на солвентност, а исто така, не смее да биде понизок од 3.000.000 евра (во денарска противвредност) за друштво на осигурување, кое работи во сите класи на осигурување, во групата на неживотно осигурување.

Основачкиот влог на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола изнесува 3.000.000 евра. Во моментот на основање 10.10.2023 година, основачкиот влог претставува и основен капитал на друштвото. Дополнителен капитал на друштвото не е евидентиран.

Во текот на периодот, од основањето па до денес, друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола имаше трошоци (набавка на хардвер, набавка на софтвер, обврски кон НБО, плати за вработени, тековни трошоци и др.), кои придонесоа за намалување на капиталот под нивото на гарантниот фонд.

Според состојбата на крајот на периодот што е предмет на актуарско мислење, односно на 31.12.2023 година, висината на основниот капиталот на друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола е под нивото на гарантниот фонд. Тоа подразбира дека потребно е внесување на нов капитал со цел да се достигне барем нивото на гарантниот фонд.

## 9. Финансиски извештаи и годишен извештај за работењето

Бидејќи до 31.12.2023 година, друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола не започна со издавање на полиси, бројот на склучени договори, бројот на ликвидирани штети, износот на бруто полисираната премија, износот на техничките резерви и износот на бруто ликвидираните штети е нула.

Друштвото не склучило договори за осигурување и не презело никакви обврски по однос на договори за осигурување.

Конечното мислење за состојбата на друштвото за осигурување прикажана во финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето е:

а) позитивно

Досегашната работа на друштвото за осигурување не покажува отстапување од Законот за супервизија на осигурување и другите прописи според кои треба да работат друштвата за

осигурување, а исто така истата е во согласност со прописите на друштвото за осигурување. Друштвото за осигурување Зоил Македонија АД Битола има потреба од дополнително внесување на капитал, заради достигнување барем на нивото на гарантниот фонд (препорака е износот на новиот капитал и претходно внесениот – основачкиот влог, вкупно, да биде повисок од износот на гарантниот фонд). Внесувањето на нов капитал на почетокот на работата на ново друштво на осигурување, не претставува невообичаената пракса, и истото, во овој момент, ќе придонесе за одржување на вредноста на средствата на капиталот на потребното ниво. Секако, тоа претставува и еден вид гаранција за стабилност и солвентност во работењето, како и ликвидност во подмирување на обврските на друштвото за осигурување.

Датум: 11.03.2024 год.

Потпис: Виолета Китановска

Овластен актуар

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

**ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола**
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ЗА 2023

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# Содржина

1. ВОВЕД
2. ВРАБОТЕНИ
3. ПРИСТАП НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
4. ОЦЕНКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА И ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА
5. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД БИТОЛА ЗА 2023 ГОДИНА

*Период на известување: 10 Октомври 2023 – 31 декември 2023*

## 1. ВОВЕД

Секторот за внатрешна ревизија во ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД БИТОЛА функционира како независен организационен дел во Друштвото, организиран од страна на Одборот на директори на Друштвото.

Основна цел на внатрешната ревизија е да врши ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото преку проверка на усогласеноста на интерните акти со позитивните законски прописи и регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување на РС Македонија(АСО), следење и почитување на прописите, оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола, спроведување на политиките за управување со ризиците, поставеноста на информативниот систем и известувањето согласно со прописите како и да има консултативна улога во Друштвото.

Секторот за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, Етичкиот кодекс на внатрешната ревизија и Повелбата и Процедурите за работење на внатрешната ревизија во Друштвото. Активностите на внатрешната ревизија се базираат на сеопфатен и детален план и програма за спроведување на ревизии, кој се изготвува врз база на оценка на ризикот.

Делокругот на работа на внатрешната ревизија опфаќа ревизија на поединечни деловни активности, процеси и ревизија на поодделни организациски единици, во согласност со Годишниот план. Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото изработува извештаи од извршените ревизии и ги доставува до одговорните лица на организацискиот дел или процесот кој е предмет на ревизија и на лицата кои се под директно влијание на резултатите од ревизијата и Одборот на Директори.

Улогата на Секторот за внатрешна ревизија е да ја следи реализацијата на препораките по извршените поединечни ревизии на одделни деловни процеси или области во Друштвото, за што изготвува полугодишни и годишни извештаи за спроведување на препораките. За своето работење внатрешната ревизија изработува Полугодишен и Годишен извештај. Во прилог на овие извештаи изготвува Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии во извештајниот период, со рокови на реализација и статус на имплементација.

Врз основа на член 127 од Законот за супервизија на осигурување, Статутот на Друштвото и Повелбата за внатрешна ревизија, Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото изготвува Годишен извештај за своето работење за годината која завршува.

Годишниот извештај на Секторот за внатрешна ревизија се доставува до Одборот на директори. Одборот на директори го доставува Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија, согласно Законот за супервизија на осигурување и интерните акти на Секторот содржи:

- опис на извршени планирани ревизии на работењето на Друштвото;
- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на внатрешната ревизија;
- оцена на реализацијата на поставените цели со Годишниот план за работа на Секторот за внатрешна ревизија;
- оцена на планираното време за контрола и евентуалното отстапување и
- информации за извршени други активности.

## 2. ВРАБОТЕНИ

Со 31 декември 2023 година во Секторот за внатрешна ревизија (СВР) одговорноста и активностите ги извршува Внатрешниот Ревизор, кој е овластен ревизор со лиценца од Институтот на овластени ревизори на Р.Македонија (ИОРРМ) и е во согласност со Законот за супервизија на осигурување, каде што се бара најмалку едно од лицата вработени во Секторот за внатрешна ревизија да поседува лиценца издадена од ИОРРМ.

Една од целите на Секторот за внатрешна ревизија е обезбедување можности за континуиран професионален развој на своите членови. Овластениот ревизор за одржување на својата лиценца постојано се усовршува и ги посетува часовите за континуирана настава на ИОРРМ.

## 3. ПРИСТАП НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

СВР ги спроведуваше ревизиите во согласност со планот и програмата за ревизија, што беше изготвен врз основа на пристапот заснован на ризик, а којшто опфаќа проценка на целокупното контролно опкружување на процесите во Друштвото.

Ресурсите на ревизијата се фокусирани на оние области што се смета дека претставуваат најголем или умерен ризик, и во рамките на коишто области активностите на внатрешната ревизија можат да бидат од големо значење при обезбедување на позитивно уверување или при идентификување на можностите за позитивни промени.

Додека менаџментот е одговорен за имплементирање на препораките на ревизијата, Внатрешната ревизија спроведува мониторинг и доставува извештаи за успешноста на имплементирањето до Одборот на директори.

## 4. ОЦЕНКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА И ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА

Друштвото започна со својата работа формално на 10.10.2023 година. Секторот за внатрешна ревизија го изготви годишниот план и програма за периодот од 10.10.2023 до 31.12.2023 година. Согласно Годишниот план за работа и програма на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2023 година, одобрен од страна на Одборот на директори на 14.12.2023 година, Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото го реализира Годишниот План на активности за 2023 година.

Следниве активности беа извршени:

- *Ги изработи и одобри следниве интерни акти за внатрешна ревизија:*
  - Повелба за внатрешна ревизија
  - Процедура за внатрешна ревизија
  - Кодекс на етика за внатрешна ревизија

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

- Методологија за изработка на програма и план за внатрешна ревизија
- *Изработка на годишен ревизорски план и програма за работа за 2023 година;*
- *Консултативни неформални совети без право на глас во одлучувањето при дискусии на состаноци.*

## 5. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

Согласно Законот за ревизија во текот на 2023 година внатрешниот ревизор посетуваше континуирано професионално усовршување во организација на Институтот за овластени ревизори. Вработениот во внатрешната ревизија во Друштвото е член на Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија. Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија е полноправна членка на IFAC. Внатрешниот ревизор е член и на Институтот на сметководители и на овластени сметководители на Република Северна Македонија, како и на Комора на проценувачи на Република Северна Македонија.

Во однос на останатите активности во рамките на Друштвото, во текот на 2023 година внатрешната ревизија учествуваше во следните активности:

- Учество на работни состаноци (без право на глас, советодавна улога) каде што се дискутираат одредени прашања во однос на активностите, процесите, прераспределба на одговорности и обврски во Друштвото.

Скопје, 19.02.2024 год.

Сектор за внатрешна ревизија
Дарко Калин